**Прашање:**

**Ниво на комплексност на платформата:**
Бидејќи техничките карактеристики директно влијаат врз вкупната цена, Ве молиме да наведете дали очекуваната Е-Платформа треба да биде:

- основна (basic) – со основни функционалности за управување со корисници и наставни содржини;
- средно комплексна (mid-level) – со проширени можности (аналитики, интерактивни модули, напредни кориснички улоги и слично);
- напредна/професионална (advanced/pro) – со висока скалабилност, можности за видео-стриминг, мобилни апликации, интеграции и комплексни аналитики.

**Одговор:**
Во однос на нивото на комплексност на Е-Платформата (основна, средно комплексна или напредна), изборот целосно е на страна на Понудувачот. Според условите наведени во Барањето имајте предвид дека во оваа фаза нашиот приоритет е обезбедување стабилна поддршка за предавања во живо, надополнета со видео содржини и снимени предавања, со можност за етапна надградба согласно понатамошните потреби и динамика.

**Прашање:**

**Одржување и техничка поддршка:**
Ве молиме да појасните кој ќе биде одговорен за одржувањето на платформата:

- Дали очекувате понудувачот да обезбеди техничка поддршка и одржување во текот на една година од спроведувањето на програмата?
- Дали е предвидено продолжено одржување и по завршувањето на програмата, и ако да — во кој обем и со каков модел на ангажман?

**Одговор:**
Одржувањето, техничката поддршка и хостирање на Е-Платформата ќе го обезбеди Пивара Скопје.

**Прашање:**

**Серверски капацитети и хостинг:**
Со оглед дека програмата е предвидена за 2.000 учесници, Ве молиме да прецизирате:

- Дали понудувачот треба да обезбеди сопствен хостинг и серверски ресурси, или тоа ќе биде покриено од Ваша страна?
- Доколку хостингот го обезбедува понудувачот, дали постојат специфични барања за безбедност, локација на сервери, резервни копии, скалабилност и сл.?

**Одговор:**
Одржувањето, техничката поддршка и хостирање на Е-Платформата ќе го обезбеди Пивара Скопје.

**Прашање:**

Дали НВО може да даде своја понуда на повикот, или истиот е само наменет за претпријатија? НВО-ата исто така можат да работат економски активности согласно статут.

**Одговор:**
На повикот може да поднесат понуда сите субјекти што ги исполнуваат условите и критериумите наведени во Барањето, без ограничување на правната форма. Доколку НВО спроведува економски активности согласно својот статут и ги исполнува сите административни, технички и финансиски барања (вклучително усогласеност со релевантна регулатива и отсутност на конфликт на интереси), таа може рамноправно да учествува во постапката.

**Прашање:**

Дали се очекува понуда од еден добавувач или може да биде група на понудувачи, - имате наведено партнерски мрежи?

**Одговор:**
Понуда може да поднесе поединечен добавувач или група/конзорциум на понудувачи; во оваа постапка не постојат ограничувања по тој основ. Сите услови за прифатливост, начинот на пријавување и критериумите за евалуација се јасно наведени во Барањето за понуди, при што партнерски мрежи се дозволени согласно наведените правила, со рамноправна оценка на сите понуди независно од структурата.

**Прашање**

Во однос на бројката „2000+ учесници“:
Би сакале појаснување како се дефинира и мери оваа бројка. Ова ќе ни помогне да ја структурираме методологијата и логистичкиот план. Дали се работи за 2000 уникатни учесници кои ќе поминат низ целата програма? Или вкупен збир на учесници од различни активности/формати (онлајн, физички настани, мастер-класови, академија и сл.)?

**Одговор:**
Се работи за 2000 уникатни учесници кои ќе поминат низ целата програма.

**Прашање**

**Во однос на курикулумот и модулите:**
Што точно очекувате од финалниот курикулум?
Дали е потребно сите осум предложени тематски области да се реализираат *исклучиво како физички обуки*, или би било прифатливо дел од модулите да се одржат виртуелно (онлајн), а дел физички, зависно од природата на темата?

**Одговор:**
Во однос на финалниот курикулум, очекуваме сите наведени тематски области да бидат интегрирани во програмата, со цел да се обезбеди целосно и квалитетно покривање на содржината. Сите предложени области треба бидат дел од курикулумот на физичките обуки, дополнети со онлајн компоненти.

**Прашање**

**Флексибилност околу тематските области:**
Дали предложените теми се фиксни или постои простор за дополнителни предлози/адаптации?
Би сакале да знаеме дали би било прифатливо да предложиме и мали измени (на пр., додавање или отстранување на една до две теми), доколку процениме дека тоа би го зголемило квалитетот и релевантноста на програмата.

**Одговор:**
Наведените тематски области се основа на програмата и очекуваме сите да бидат вклучени во финалниот курикулум. Сепак, постои простор за дополнителни предлози

и адаптации доколку тие придонесат за зголемување на квалитетот и релевантноста на програмата.

**Прашање**

**Онлајн платформата – сопственост и правата на користење:**
По изработката на онлајн платформата за учење, кои се очекувањата во однос на нејзината сопственост?
Дали Пивара Скопје АД ја задржува ексклузивната сопственост по завршувањето на проектот, или понудувачот ќе може да користи делови од платформата/структурата/материјалите за понатамошна примена во рамки на сопствени програми и одржливост?

**Одговор:**
Платформата и сите содржини кои се дел од програмата се исклучиво сопственост на Пивара Скопје и се наменети единствено за користење во рамките на оваа програма. Не е дозволена нивна репродукција, користење или пренос на други организации или лица надвор од овој договор и активностите предвидени во него.

**Прашање**

Дали обуките кои се планирани за реализација во Скопје би се одржувале во тренинг центарот на Пивара Скопје или се планира обуките во Скопје да се реализираат на друга локација надвор од Скопје?

**Одговор:**
Обуките планирани за реализација во Скопје треба да се организираат на соодветна локација во градот, која ќе обезбеди оптимални услови за спроведување на програмата и ќе одговара на потребите на учесниците.

**Прашање**

Дали настанот за доделување дипломи може да се одржи на крајот од секоја обука, или пак според вас е планиран заеднички настан за сите 2000 учесници на едно место да биде?

**Одговор:**
Сите учесници по завршување на секоја обука треба да добијат сертификати, а на крајот на годината треба се организира еден завршен настан за целата програма.

**Прашање**

Во врска со ова прашање во понудата -,, Документ за бонитет (биланс на состојба и биланс на успех) издаден од Централниот регистар на Република Македонија, во Централен регистер овие се водат како два посебни документа, кој документ е потребен да се достави?

**Одговор:**
Треба да се достават двата документи: биланс на состојба и биланс на успех.